Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 32, 1 декември 2009 година

декември 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент од наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во наставно-научно подрачје архитектура, урбанизам и планирање на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за група предмети од научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставници и соработници во сите звања за група предмети од електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** (издвоен) за избор на наставници и соработници во сите звања за група предмети од електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Здравствено и социјално осигурување“ од проф. д-р Јован Пејковски, наменет за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ„ЗДРАВСТВЕНО И СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р ЈОВАН ПЕЈКОВСКИ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука број 1702-83/10, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на својата 33. редовна седница, одржана на 2.9.2009 година, избра Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Ристо Фотов, вонреден професор на Економски факултет во Штип и
2. д-р Круме Николоски, доцент на Економски факултет во Штип

за рецензија на приложениот ракопис **„Здравствено и социјално осигурување“** од авторот **проф. д-р Јован Пејковски**, наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Трудот во ракопис „Здравствено и социјално осигурување“ е пишуван според Наставниот план и програмата по истоимениот предмет Здравствено и социјално осигурување, кој се изучува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Трудот е подготвен според предвидената метологија и обработува прашања кои се однесуваат на современи системи и процеси во областа на здравственото и социјалното осигурување.

Трудот е систематизиран и логички поделен на вовед, седум дела и заклучни согледувања, кон кои се приложени користената литература и содржината.

Во воведниот дел се укажува на поврзаноста на сигурноста и развојот, особено социоекономскиот развој што се обезбедува преку системите за здравствено и социјално осигурување. Системски обликуваните права го покренуваат барањето за пошироко елаборирање и едукација на овие врски и модалитетите на нивната одржливост.

Во првиот дел се дадени поимот и значењето на социјалното осигурување, особено од аспект на регулативата на истото, како и можностите и обврските на социјалната држава да ги обезбедува потребните форми на сигурност. Дадени се и аргументите за постоење на социјална држава, опишани се корените на социјалната држава во еден историски контекст. Исто така се дава приказ на разните модели на современата социјална држава кои се среќаваат и одделните модели на еднаквост на шансите што се применувани. Во овој дел се дефинира поимот здравственото осигурување и се објаснуваат одделните видови на здравствено осигурување. Посебно внимание му е посветено на објаснувањето на принципите на здравствено осигурување и на видовите здравствена заштита и здравствено осигурување. Објаснет е и развојот на системите на здравственото осигурување преку одделните модели: Бизмарковиот модел на здравствено осигурување - систем на социјално осигурување; моделот на национално осигурување според Бевериџ (либерален систем на национално осигурување); Семашковиот модел (систем на социјалистичко здравствено осигурување); како и приватно здравствено осигурување во САД (пазарен односно комерцијален систем). Во овој дел се објаснети врските меѓу економските основи и социјалните можности и влијанието на економското опкружување врз економскиот и социјалниот развој, а поврзано со тоа и на социјалните барања и потреби на развојот.

Вториот дел е посветен на институционалните основи и фактори на сигурноста. Прикажани се врските и влијанијата на социјалните цели и институциите кои делуваат, како и институциите и нивните надлежности во Република Македонија. Претставени се институционалните надлежности на министерствата, фондовите, здравствените установи и организации, како и облиците на заштита во рамките на системот. Истакната е потребата

за соработка на здравствените институции и системи како предуслов за нивно успешно функционирање. Влијанието на социјалните и културните фактори врз системите на осигурување се прикажани од аспект на социјалните фактори, културните фактори, како и од економските и финансиските аспекти на сигурноста.

Третиот дел дава приказ на основите на системот на социјалното осигурување. Претставен е развојот на социјалната заштита во одделни периоди, остварените промени и структурни и општествени реформи во социјалниот сектор, со што се создадени системски основи за социјално осигурување. Претставени се промените кои доведоа до плурализам и децентрализација во социјалната сфера. Во овој дел е прикажана социјална регулатива и социјалната сигурност, мерките на социјалната регулатива, како и мерките и установите на социјалната заштита. Одделно внимание му е посветено на пензискиот систем во Републкика Македонија, неговата трансформација и обликување во тростолбен систем. Исто така, дадени се проекции за пензискиот систем и актуарските пресметки кои ги прикажуваат движењата и трошоците во рамките на пензискиот систем и неговиот соднос со БДП.

Во четвртиот дел е прикажан системот на здравствено осигурување. Дадени се системските основи за здравственото осигурување, прикажана е здравствена регулатива и поврзаноста на здравственото осигурување и здравјето. Во овој дел е даден приказ на одделни здравствени програми и на промените кои се одвиваат во здравствениот систем, со цел за негова поефиксна поставеност.

Одделно внимание во петтиот дел му е посветено на планирањето и финансирањето на здравственото и социјалното осигурување. Врз основа на дефинирањето на планирањето на потребите и целите се укажува на неопходноста од оформување на системи кои рационално ги организираат, планираат и наменуваат средствата за здравствено и социјално осигурување. Претставена е здравствената политика и здравственото планирање, потоа финансирањето на социјалното и здравственото осигурување, како и обезбедувањето на средства за социјалното и здравствено осигурување според прописите во Република Македонија.

Во шестиот дел се дава приказ на меѓународната димензија на социјалниот и здравствен систем. Преку приказ на меѓународната регулатива за социјалите системи и меѓународното право за социјално осигурување се објаснува како е обликуван моделот на социјално и здравствено осигурување во одделни држави. Претставени се и основните принципи за координација на социјалното осигурување, како и принципите кои се применуваат: еднаков третман, определување на законодавство што ќе се применува, зачувување на стекнати права и извоз на бенефиции. Даден е приказ на правните инструменти за координација на социјалното осигурување и тоа на: билатералните и мултилатералните договори, мултилатералните конвенции и наднационални закони. Обврските по меѓународни документи, како и меѓународните договори на Република Македонија за социјално и здравствено осигурување се прикажани во овој дел заедно со обврски според европските конвенции, како и улогата на ООН за социјалната и здравствената заштита.

Во седмиот дел се прикажани социјалната и здравствената политика на Европската унија. Со посебно внимание авторот ги прикажал политиката на ЕУ во обласва на здравството, инструментите на социјално и здравствено осигурување во ЕУ, потоа здравствената заштита на работа во ЕУ. Дадени се и модели на социјално и здравствено осигурување кои постојат во одделни држави во Европа. Покрај тоа се прикажани модели на социјално и здравствено осигурување во ЕУ на локално ниво, а особено преку правилата за вертикална поделба на надлежностите и социјалните услуги во одделни држави. Истакната е потребата од социјална одговорност и за усогласување на социјалната политика во насока на социјална кохезија што го следи процесот на европеизација на социјалната држава.

Во осмиот дел се дава прказ на влијанието на кризата врз социјалниот и здравствениот систем и врз социјалното и здравственото осигурување, додека во деветтиот дел се претставени заклучните согледувања во кои на сублимиран начин се дадени констатциите за здравственото и социјално осигурување и се резултат на методологијата на научното

истражување.

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, применет е сериозен аналитички пристап, квалитативна и квантитативна анализа и научна проценка и врз таа основа го предлага следниов заклучок.

**З А К Л У Ч О К**

Комисијата смета дека приложениот ракопис **„Здравствено и социјално осигурување“,** наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од авторот **проф. д-р Јован Пејковски** во целост ги задоволува условите за учебно помагало.

Предлагаме истиот да биде печатен како учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**
**Доц. д-р Круме Николоски, с.р.**